JM Johnson Matthey
Inspiring science, enhancing life

# Правилно постапување. Заедно.



Етички кодекс

# Нашиот кодекс

Нашиот Етички кодекс е основа за заложбата на Џонсон Мети во Правилното постапување.

Тој е водич за како да се изврши работата етички, праведно и одговорно и објаснува како да го заштитиме тоа што е наше. Следејќи го, се грижиме еден за друг и вклучуваме одржливост во се што правиме.

Кодексот објаснува како изгледа доброто однесување и ни помага во носењето етички одлуки. Не се однесува само на колегите во ЏМ, туку и на сите акционери, од набавувачи и клиенти до партнери, агенти, инвеститори и пошироката заедница.

Ни помага да се осигураме дека постапуваме правилно. Заедно.

**Нашите заложби** и што значи Правилно постапување

Одведи ме таму

**Разберете** како да се користи Кодексот при донесување одлуки

Одведи ме таму

**Побарајте помош** кога не сте сигурни што да правите

Одведи ме таму

**Пријавете** ако сте сериозно загрижени

Одведи ме таму

**Користете ја навигацијата за да стигнете до следната страница или дел**



# Исполнување на вашата улога

Правилното постапување е основа за се што правиме овде. Сите сме одговорни за етичко однесување, за носење правилни одлуки и преземање одговорност – без оглед на нашата улога.

Етичката култура не прави горди на тоа што сме и што работиме тука. Не прави посилни и поотпорни и претставува клучен дел од нашиот непрекинат успех.

**Liam Condon**
Извршен директор



# Нашите вредности, основа на нашата култура

Следејќи го Етичкиот кодекс, се однесуваме на начин кој се поистоветува со нашите вредности.

Тие вредности ни го дефинираат начинот на работа и отсликуваат како работиме кога сме во најдобро светло.

Тие се основата на културата на Џонсон Мети, идентитетот на нашата компанија и го одредуваат она што е важно за нас.

## Делуваме со интегритет

Правилно постапување преку зборови и дела – дури и кога никој не гледа. Чесно, праведно и пристојно однесување

## Заштита на луѓето и планетата

Практикуваме највисоки стандарди за здравје и безбедност и промовираме добросостојба и заштита на нашата планета.

## Работиме заедно

Охрабруваме соработка во и надвор од ЏМ, споделуваме и прифаќаме различни гледишта, ги третираме другите со почит и грижа.

## Иновации и подобрувања

Се адаптираме и ги прифаќаме новите идеи, останувајќи самоуверени и истрајни при промени: лидери на нашите избрани пазари.

## Поседување на тоа што го правиме

Преземаме одговорност за личната работа и очекуваме високи стандарди од себе и од колегите.

# Заложби на нашиот Кодекс

Заложбите на нашиот Кодекс ги поддржуваат нашите вредности. Тие ја дефинираат работната околина во каква што сите сакаме да работиме и ги нагласуваат некои од секојдневните принципи кои се важни за нашата работа.

## Нашите заложби се:

Поминете преку иконите за да дознаете повеќе за заложбите.

**Работиме етички, одговорно и праведно**

**Се грижиме еден за друг**

**Го штитиме тоа што е наше**

**Вклучуваме одржливост во се што правиме**

# Користење на Кодексот при донесување одлуки

Донесувањето добри, етички одлуки е важно во вашата улога во ЈМ, а нашата алатка за донесување одлуки ќе ви помогне околу насоките при носење тешки одлуки кои би можеле да се појават.





# Донесување добри одлуки

**Од вас се очекува да носите добри одлуки во ЈМ.**

Сепак, понекогаш може да се соочите со тешка одлука при што нема да биде јасно како правилно да се постапи. Треба да застанете, добро да размислите за проблемот и да ја консултирате алатката за донесување одлука во следниве случаи (види страница 8). Ако се уште не сте сигурни, побарајте помош.

Никогаш не треба да носите тешки одлуки сами или без поддршка.

Нашата годишна **онлајн обука за Етички кодекс** ви нуди знаења, вештини и самоувереност при носење добри, етички избори. Поминете ја обуката штом ја добиете во поштенското сандаче.

# Алатка за донесување одлука

Алатката за донесување одлука е креирана за да ви помогне кога се соочувате со тешка одлука.

**Размислете за етичката дилема или одлуката што треба да ја донесете. Потоа запрашајте се...**

**Дали јас чувствувам дека е правилно?**

**Дали ја следи нашата политика?**

**Дали е усогласена со нашите вредности и нашиот Кодекс?**

**Дали би се чувствувал/а пријатно да им ја објаснам одлуката на моите пријатели и семејството?**

**Дали е законска?**

**Дали ќе се чувствувам среќен/а ако се појави на социјалните медиуми?**

Доколку вашиот одговор е не или не сте сигурни додека одговарате на кое било од овие прашања, тогаш **ЗАПРЕТЕ** и побарајте совет.



# Зошто понекогаш добрите луѓе постапуваат погрешно?

Ако видите некој што се однесува несоодветно, пријавете преку некој од каналите. Имаме политика на нула толеранција за одмаздување.

## Добрите луѓе можат да постапат погрешно од повеќе причини:

Поминете преку причините подолу за да дознаете повеќе.

- **Тие се под притисок**
- **Не сакаат да се издвојуваат од толпата**
- **Се убедуваат себеси дека некоја постапка е правилна бидејќи им пружа нешто што сметаат дека го заслужиле**
- **Едноставно не им е грижа или мислат дека никој нема да забележи**

# Барање помош, изразување загриженост

Ако видите или слушнете нешто што не ви изгледа правилно, или ако погрешите, секогаш е подобро да побарате помош отколку да молчите.

Тоа можете да го сторите на повеќе начини...





# Можете да...

## Зборувате со менаџерот

Вашиот менаџер е првото лице кое треба да го контактирате ако имате прашање, ако ви треба дополнителен совет или ако сакате да изразите загриженост. Пристапете на друг менаџер или лидер доколку не ви е пријатно да зборувате со вашиот.

## Пронајдете го локалниот Етички амбасадор

Етичките амбасадори се овде да ве насочат во вистинскиот правец и да одговорат на вашите прашања поврзани со Кодексот и етичкото постапување. За да ги пронајдете локалните етички амбасадори, пребарајте „Етички амбасадор“ на мојЏМ.

## Обратете се во Човечки Ресурси или правната служба

Поставете прашања, побарајте совет или изразете загриженост директно во ЧР или правната служба.

## Пријавете

Пријавете посериозни проблеми преку нашата линија за Пријавување. Дознајте повеќе на страница 14.

# Нашата мрежа на Етички амбасадори е тука да помогне

Имаме долгогодишна глобална мрежа на Етички амбасадори. Овие лица вработени насекаде низ компанијата, волонтираат помагајќи да се имплементира Етичкиот кодекс низ цел ЏМ.

Етичките амбасадори се вашите локални контакти ако имате етички двоумења или прашања. Тие можат да ве посочат кон понатамошните ресурси или да ве советуваат да зборувате доколку загриженоста треба да се крене на повисоко ниво.

**Имаме Етички амбасадори на речиси сите локации на ЏМ. За да ги пронајдете локалните етички амбасадори, пребарајте „Етички амбасадор“ на мојЏМ.**



**„Со повеќе од 100 Етички амбасадори, ние добро ги познаваме нашите локации. Кажете ни како да помогнеме доколку имате прашања или двоумења околу етичкото однесување и Правилното постапување.“**

**Дали знаевте дека...**

Ако сте загрижени околу интеракција со колега или условите на вработување, можете да ја разгледате нашата **Политика на заедничко работење** за дополнителни совети и насоки.



# До сите менаџери на луѓе

Ако сте менаџер на луѓе, имате особена одговорност да промовирате етичко однесување и да се погрижите колегите секогаш да постапуваат правилно.



**Вие треба:**

- Да бидете пример за останатите и секогаш да постапувате во согласност со Етичкиот кодекс и да ги живеете нашите вредности.
- Да барате одговорност од тимот за однесувања што не се во согласност со нашиот Кодекс.
- Често да комуницирате со вашиот тим за тоа што значи Правилно постапување – вклучувајќи специфични примери.
- Никогаш не се повлекувајте од тешки разговори.
- Да бидете достапни за вашиот тим, да ислушувате и давате насоки.
- Да создадете безбедна средина за членовите од тимот да можат да изразат загриженост.
- Да покажете нула толеранција во случај на обид за одмазда.
- Да се погрижите дека вашиот тим ќе ја заврши годишната обука за Етички кодекс.

# Пријавување посериозни проблеми

Понекогаш може да се случи да видите, слушнете или да се сомневате во однесување што е небезбедно, неетичко, незаконско или што е спротивно на духот на нашиот Кодекс, политики и процедури.

Во таква ситуација ве замолуваме да пријавите.



# Како да пријавите

Секогаш советуваме најпрво да разговарате со менаџерот за сериозниот проблем кој треба да го пријавите. Меѓутоа, сфаќаме дека понекогаш ова може да биде тешко изводливо. Затоа ја имаме линијата за Пријавување, доверлива телефонска и онлајн услуга која постои независно од ЈМ.

## Како да пријавите

Сериозните проблеми можете да ги споделите преку линијата за Пријавување, достапна на **speakup.matthey.com** или преку скенирање на баркодот подолу.

## Не чекајте

Колку порано пријавите, толку побрзо може да биде решен проблемот. Не чекајте нешто да тргне наопаку или некој друг да пријави.

Штом ќе биде пријавено, ние работиме напорно за сите пријави да бидат третирани детално и најбрзо што може.

## Доверливост и анонимност

Кога ќе пријавите, дадената информација ќе се третира со доверливост. Разбираме дека во одредени ситуации не ви е пријатно отворено да пријавите проблем. Затоа можете да пријавите анонимно онаму каде што тоа е законски дозволено.

# Никогаш не дозволуваме одмазда

Ве охрабруваме да пријавувате и ќе ги заштитиме вработените кои ќе го сторат тоа. Секој обид за одмазда против оние што пријавиле се сфаќа сериозно. Се преземаат дисциплинарни мерки, како и отказ, кога ќе се докаже постоење на обид за одмазда.



**Запомнете, пријавувањето не е секогаш лесно, ама тоа е правилното однесување.**

**Секој може да пријави.** Без разлика дали сте работник во ЏМ, партнер, набавувач, клиент, претприемач, агент или друг член на синџирот на вредности.

За детални насоки низ процесот на Пријавување, разгледајте ја **Политиката и насоките за Пријавување на ЏМ**.

# Правилно постапување.
# Заедно.